# HIGHER EDUCATION AND LONGLIFE LEARNING WITHIN THE KNOWLEDGE ECONOMY

**Shenaj Hadzimustafa**
SouthEast European University-Tetovo, Republic of Macedonia s.daut@seeu.edu.mk
**Remzije Rakipi**
SouthEast European University-Tetovo, Republic of Macedonia s.daut@seeu.edu.mk

**Abstract:** The knowledge economy is a learning economy. The economic success and the culture of constant innovation depend on the capacity of the workers to learn from each other. The knowledge economy is not based on the power of machines, but on the power of the brain - the power of thinking, learning and innovating. Industrial economies need mechanical workers, whereas the knowledge economy needs knowledge workers. In order to meet these requirements, new models of education and training are required, a model of lifelong learning. Education and human capital are a key link that connects other elements of the knowledge economy. The accumulation of knowledge and its application is of crucial importance for economic development and for achieving a competitive advantage in the global economy. In this regard, the role of higher education is very important. Developing countries still face problems in the area of higher education, unequal access, quality and relevance of higher education, as well as problems in the area of inflexible government structure and ways of managing it.

To be successful in the knowledge economy a new set of knowledge and skills is required. This includes academic knowledge, foreign language, mathematics and scientific skills, and the ability to use information and communication technology. In circumstances where Schumpeterian creative destruction is of particular importance for creating innovations leading to economic growth, the role of education, including higher education, i.e. universities with their research, study programs and services, help the society in this direction. Education enables the country to have a sustainable future. In this regard, the concept of education for sustainable development builds the national capacities of nations towards the creation, expansion and implementation of strategic plans. The education for sustainable development enables sustained economic growth by improving the quality and skills of the workforce, while meeting the needs of the integrated environment and social justice.

Lifelong Learning is the key to preparing workers for a contest in the global economy. In this regard, lifelong learning, which is "lifelong, voluntary, and self-motivated", is especially important in gaining knowledge for personal or professional reasons. As such, it not only enhances social inclusion, active citizenship and personal development, but also competitiveness and employment in the country. The sustainable future of the country as a whole can be ensured if citizens have the key knowledge and functional literacy that determines the global competitiveness, social cohesion and a healthy environment. The promotion of lifelong learning is something that needs to be embedded in the minds of people, especially in the dynamic world in which they live today.

**Keywords:** knowledge economy, high education, education for sustainable development, longlife learning

# ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ЗНАЕЊЕ

**Шенај Хаџимустафа**
Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово, Република Македонија s.daut@seeu.edu.mk
**Ремзије Ракипи**
Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово, Република Македонија r.rakipi@seeu.edu.mk

**Резиме:** Економијата на знаење е економија на учење. Економскиот успех и културата на постојани иновации зависат од капацитетот на работниците за учење едни од други. Економијата на знаење не се базира на силата на машините, туку на силата на мозокот – силата за размислување, учење и иновирање. На индустриските економии им се потребни машински работници, на економијата на знаење и се потребни работници на знаење. во насока на исполнување на овие барања побарува нови модели на образование и тренинг, модел на доживотно учење. Образованието и човечкиот капитал се клучна алка која ги спојува останатите елементи од економијата на знаење. Акумулацијата на знаење и неговата примена е од круцијално значење за економскиот развој и за постигнување на конкурентна предност во глобалната

економија. Во оваа насока улогата на високото образование е многу голема. Земјите во развој сеуште се соочуваат со проблемите од областа на обемот на високо образование, нееднаквиот пристап, квалитетот и релевантноста на високото образование, како и проблеми од областа на нефлексибилна владина структура и начини на управување со истото.
Да се биде успешен во економијата на знаење потребно е да се поседува нов сет на знаење и вештини. Ова вклучува академско знаење, странски јазик, математика и научни вештини, и способноста за употреба на информатичка и комуникациона технологија. Во услови кога Шумпетеријанската креативна деструкција е од особено значење за креирање на иновации кои водат кон економски раст, улогата на образованието, меѓу кои и високото образование, т.е. универзитетите со нивното истражување, студиски програми и услуги, го потпомагаат општеството во оваа насока. Образованието овозможува земјата да има одржлива иднина. Во таа насока и концептот на образование за одржлив развој ги гради националните капацитети на нациите кон креирање, проширување и имплементирање на стратегиските планови. Образованието за одржлив развој го овозможува одржливиот економски раст преку подобрување на квалитетот и вештините на работната сила, воедно задоволувајќи ги потребите на интегрираната животната средина и социјална правда.
Доживотното учење е клучно за подготовка на работниците за натпревар во глобалната економија. Во оваа насока особено битно е доживотното учење кое претставува "доживотно, доброволно, и само-мотивирано" здобивање на знаење од лични или професионални причини. Како такво, не само што ја подобрува социјалната вклученост, активното граѓанство и личниот развој, но исто така и конкурентноста и вработеноста во земјата.Одржливата иднина на земјата во целина може да се обезбеди ако граѓаните ги имаат клучните знаења и функционалната писменост што ја детерминираат глобалната конкурентност, социјалната кохезија и здравата животна средина. Промоцијата на доживотното учење е нешто кое треба да се вгради во менталниот склоп на луѓето, особено во динамичниот свет во кој се денес се живее.
**Клучни зборови**: економија на знаење, високо образование,образование за одржлив развој, доживотно учење

## 1. ВОВЕД

Образованието и човечкиот капитал се клучна алка која ги спојува останатите елементи од економијата на знаење. Образованието креира избори и можности, ја намалува сиромаштијата и им дава на луѓето поголем глас во општеството. Образованието е фундаменталната основа на економијата на знаење. Добро образованите и вешти луѓе се есенцијални за креирање, споделување, дисеминација и употреба на знаењето на поефикасен начин во глобалната околина која радикално ги менува видовите на вештини потребни за економски успех[348]. Инвестирањето во образованието е важна одлука, која носи големи придобивки: најпрво, економски придобивки, бидејќи добро образована работна сила го зголемува потенцијалот на нашата земја за одличност и компетитивност, а исто така носи и социјални придобивки, зошто создава услови за еднакви можности и социјално учество.
Економија на знаење е онаа каде на знаењето му се припишува поголемо значење од капиталните средства и трудот и каде квантитетот и софистицираноста на знаењето во однос на економските и општествените активности се на многу високо ниво[349]. Тоа е економија каде знаењето се здобива, креира, дисеминира и применува со цел поддршка на економскиот развој. Капацитетот за ефикасна употреба на знаењето им овозможува на поединците, фирмите и заедниците да ги искористат ресурсите и да ја подобрат својата благосостојба, и со тоа да придонесат за поголем развој. Едноставното изложување на знаење, не значи и негова ефективна употреба. Потребно е знаењето да се селектира во вистинска форма, да се раководи неговата употреба, да се прилагоди на специфичните услови, да се следат промените и да се вршат подобрувања. Во услови кога Шумпетеријанската креативна деструкција е од особено значење за креирање на иновации кои водат кон економски раст, улогата на образованието, меѓу кои и високото образование, т.е. универзитетите со нивното истражување, студиски програми и услуги, како и доживотното учење го потпомагаат општеството во оваа насока.

---

[348] WBI, 2007. *Building Knowledge Economies,* Washington, DC: IBRD/The World Bank.
[349] WBI, 2007. *Building Knowledge Economies,* Washington, DC: IBRD/The World Bank.

**2. ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕКОНОМИЈАТА НА ЗНАЕЊЕ**

Појавата на економијата на знаење може да се окарактеризира во насока на зголемената улога на знаењето како фактор на производство и неговото влијание врз вештините, учењето, организацијата и иновациите. Економијата на знаење е економија на учење. Економскиот успех и културата на постојани иновации зависат од капацитетот на работниците за учење едни од други. Акумулацијата на знаење и неговата примена е од круцијално значење за економскиот развој и за постигнување на конкурентна предност во глобалната економија. Во оваа насока улогата на високото образование е многу голема. Земјите во развој сеуште се соочуваат со проблемите од областа на обемот на високо образование, нееднаквиот пристап, квалитетот и релевантноста на високото образование, како и проблеми од областа на нефлексибилна владина структура и начини на управување со истото.

Од образовната стапка на населението зависи и квалитативната страна на вработените во една земја, но во голема мера зависи и социо-економскиот и политичкиот развој на земјата. Образованието претставува мотор за економскиот раст и на глобално ниво. Според Winthrop et al.[350], во студијата за инвестиција на глобалното образование, се покажува дека на индивидуално ниво, секој потрошен 1$ во образование допринесува со 10$ до 15$ во економскиот раст во текот на животот на лицето во форма на повисоки приходи и плати. Исто така, подобрувањето на писменоста е важен начин за поттикнување на продуктивноста на трудот, раст на БДП по глава на жител и излез на населението од сиромаштија. Земјите што се во состојба да постигнат резултати на писменост со 1 процентен поен над меѓународниот просек можат да постигнат 2,5% повисоки стапки на продуктивност на трудот и 1,5% поголем БДП по глава на жител.

Во економијата на знаење потребна е заедничка соработка помеѓу високо образовните и истражувачките институции, како би се креирале експерти кои ќе знаат да ги користат науката и технологијата во насока на разрешување на секојдневните проблеми со кои се соочува бизнис заедницата. Овие институции треба да служат како сервис на заедницата, и соработката со јавниот и приватниот сектор да придонесе за креирање иновации и развој. Развојот на регионални мрежи и заедници на искуства и разните партнерства меѓу институциите придонесуваат за пренос на знаењето потребно за успех во глобалниот свет.

Со цел одговор на потребите на економијата на знаење потребно е да се креира работна сила која ќе може да се натпреварува на глобалниот пазар. Затоа улогата на приватниот сектор во делот на образованието се зголемува, како и вложувањата кои корпорациите ги прават во делот на дополнителниот тренинг на својот персонал. Со цел да се одговори на потребите на учениците потребни се одредени реформи во делот на квантитетот и квалитетот на образованието; користење на методите на доживотно учење, како замена за традиционалното учење; промена на улогата на наставниците и нивниот тренинг; употреба на ИКТ поддршка при промената на педагогијата и тренингот на наставниците; пофлексибилни институции на формално образование кои ќе нудат парт-тајм, вечерни, викенд и летни курсеви за задоволување на потребите на возрасните, како и понуда на учење од далечина нудејќи пофлексибилни можности за учење.

Квалитетното високо образование и обука се клучни за економиите кои сакаат да се движат нагоре по синџирот на додадена вредност и да ги остават зад себе производствените процеси и прозводи со ниска додадена вредност. Според Индексот на Глобална Конкурентност 2016-2017[351] стапката на вклученоста на населението во високото образование е 39,4%. Генерално квалитетот на образовниот систем на РМ се оценува со средна оценка, позиционирајќи се на 70 место од 138 земји. Стапката на писменост на возрасните над 15 години во Република Македонија според последените официјални податоци од 2009 година, превземени од датабазата на Светска Банка, е 97,12%. Квалитетот на високото образование се оценува со средна оценка, кое остава простор за понатамошни реформи кои треба да се направат како во поглед на подигнување на квантитетот, така и во поглед на подигнување на квалитетот во основното образование. Во овој дел е битно да се напомене потребата достапните ресурси да се искористат на што поефикасен и порационален начин, како квалитетот во образовниот систем би се унапредил.

Постоењето на регулаторна рамка е од големо значење во поглед на понудата на квалитетно образование од јавните и приватните институции, како и зголемувањето на иновациите во овој домен.

[350] Wintrop et.al, *Investment in global education,* Brookings Institution,(2013)

[351] http://www3.weforum.org/docs/GCR2016-2017/05FullReport/TheGlobalCompetitivenessReport2016-2017_FINAL.pdf

Финансирањето на високото образование треба да се насочи кон сите високо образовни институции, јавни и приватни.
Образованието овозможува земјата да има одржлива иднина. Во таа насока и концептот на образование за одржлив развој (EfSD[352]) ги гради националните капацитети на нациите кон креирање, проширување и имплементирање на стратегиските планови. EfSD го овозможува одржливиот економски раст преку подобрување на квалитетот и вештините на работната сила, воедно задоволувајќи ги потребите на интегрираната животната средина и социјална правда. Образованието за одржлив развој создава информирана публика која поддржува современа политика за животна средина, социјална и економска политика и легислатива која го подобрува квалитетот на живот, т.е. општествената благосостојба на сите членови на едно општество[353]. Во оваа насока универзитетите не смеат да останат под заштитната капа на државата, туку треба постојано да ги унапредуваат своите наставни програми, кои ќе одговараат на потребите на пазарот на труд, како и да спроведуваат истражувања, кои од друга страна ќе одговараат и на потребите на реалниот сектор, а своето владеење го базираат на претприемничка основа. Оценката на квалитетот на образовните институции како и системот на акредитација треба да се базира на врвноста, креативноста и иновативноста.

## 3. ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ И ЕКОНОМИЈАТА НА ЗНАЕЊЕ

Економијата на знаење не се базира на силата на машините, туку на силата на мозокот – силата за размислување, учење и иновирање. На индустриските економии им се потребни машински работници, на економијата на знаење и се потребни работници на знаење (Hargeaves, 2003). Опремувањето на луѓето во насока на исполнување на овие барања побарува нови модели на образование и тренинг, модел на доживотно учење. Доживотното учење вклучува учење во текот на целиот живот, од раното детство до пензионирањето. Тоа во себе вклучува формално учење (училишта, институции за тренинг, универзитети), и неформално учење (вештини научени од членови на семејството или луѓе од заедницата). Доживотното учење е клучно за подготовка на работниците за натпревар во глобалната економија. Од друга страна, истото овозможува и поголема социјална кохезија на луѓето во своите заедници, намалување на криминалот и подобрување на дистрибуцијата на доходот.
Доживотното учење е образование за економијата на знаење. Во рамките на доживотното учење, формалното образование е помалку битно споредено со учењето и исполнувањето на потребите на учениците. Она што е битно е подобро да се интегрираат програмите за учење, како би им овозможиле на учениците[354] да влезат и да излезат од системот во разни нивоа. Системот на учење треба да вклучува мноштво на играчи, како што се учениците, фамилиите, работодавците, провајдерите и државата. Управувањето со системот на доживотно учење вклучува многу повеќе играчи од министерството за образование и труд. Базирајќи се на потребите на учениците, овој систем треба да овозможи истите да бидат во можност да учат, креираат, прифатат и применат знаење.
Според National Education Act B.E. 2542 (1999) доживотното образование значи образование кое интегрира **формално, неформално и информално образование** со цел да се создаде можност за континуирано доживотен развој на квалитетот на живот. Учењето претставува дел од животот кое зазема место во сите времиња. Тоа е континуиран доживотен процес од раѓањето до крајот на нашиот живот, почнувајќи со учење во семејствата, заедниците, училиштата, институциите, работните места, итн.
Разликите помеѓу традиционалното учење и доживотното учење се сублимирани во Табела 1.

---

[352] EfSD – Education for Sustainable Development
[353] Ginkel, H. V., More than a tradition and ambition: Internationalisation in Higher Education. Во: K. Miklavic, ур. *Paths to internationalisation.* Ljubljana: CMEPIUS, (2011) pp. 8-27.
[354] Терминот ученици не се однесува само на оние вклучени во процесот на образование, туку е поширок и се мисли на секој оној кој сака нешто да научи

**Табела 1 Традиционално вс. Доживотно учење**

| Традиционално учење | Доживотно учење |
|---|---|
| • Наставникот е извор на знаење<br>• Учениците добиваат знаење од наставникот<br>• Учениците работат самостојно<br>• Тестови се даваат за оценка на напредокот се додека студентите не го поседуваат потребниот сет на вештини потребен за понатамошно учење<br>• Сите ученици прават исти работи<br>• Наставниците добиваат иницијален тренинг и ad hoc усовршување преку работа<br>• "Добрите" ученици се идентификуваат и им се дозволува понтамошно образование | • Воспитувачите се водичи до изворите на знаење<br>• Луѓето учат низ работа<br>• Луѓето учат во групи и едни од други<br>• Оценувањето се користи за водење на стратегиите на учење и идентификување на начини за натамошно учење<br>• Воспитувачите градат индивидуални планови за учење<br>• Воспитувачите се доживотни ученици. Иницијалниот тренинг и постојаниот професионален тренинг се поврзани<br>• Луѓето имаат пристап до можностите за учење во текот на целиот живот |

Извор: WB.*Lifelong Learning in the Global knowledge economy.* Washington D.C.: IBRD/The World Bank, (2003) стр. Xx

Доживотното учење (LLL) кое претставува "доживотно, доброволно, и само-мотивирано" здобивање на знаење од лични или професионални причини не само што ја подобрува социјалната вклученост, активното граѓанство и личниот развој, но исто така и конкурентноста и вработеноста во земјата.Доживотното учење (LLL) ги опфаќа сите облици на учење кои се користат во текот на целиот живот, а кои имаат цел:
-да го унапредуваат знаењето, вештините и компетентноста,
-да ги задоволат потребите на поединците/граѓаните, потребите за друштво,
-да ги зголемуваат можностите за вработување.
Доживотното учење временски не претставува долга форма на учење и образование, туку тоа ги претставува принципите кои обезбедуваат учеството во континуиран процес на едукација и континуирано снабдување на поединецот со знаење и вештини. Вклучува стекнување и промоција на сите форми на вештини, знаења и квалификации од предучилишна возраст до возраст пензионер. Го поддржува развојот на знаења и вештини кој ќе му овозможи на секој граѓанин врз основа на знаење полесно да се прилагоди на новото општество, за да учествува активно во сите области на социјалниот и економскиот живот, а и на тој начин ќе може повеќе да влијае врз својата иднина.
Во борбата за зголемување на учеството на пазарот на трудот, односно намалување на неактивноста на граѓаните, во Р. Македонија се развиени модули на доживотно учење за возрасни, преку кои се овозможува подобар пристап кон пазарот на трудот, исто така, и како еден од приоритетите на земјата, во согласност со ЕУ приоритетите. Во Република Македонија се бележи зголемено учество на лицата кои се вклучени во процесот на доживотно учење (лица на возраст од 25-64 години кои преземаат активности за учење, како формално или неформално учење, со цел подобрување на знаењето и способностите на секоја индивидуа, изразено како процент од вкупната популација на истата возраст) од 2,2% во 2003 година на 4,0% во 2012 година, со тренд на намалување во текот на наредните години. Стапката на доживотно учење на ЕУ-28 земји во 2014 година е 10,8%, која е трипати поголема од онаа на Република Македонија.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Одржливата иднина на земјата во целина може да се обезбеди ако граѓаните ги имаат клучните знаења и функционалната писменост што ја детерминираат глобалната конкурентност, социјалната кохезија и здравата животна средина.
Промоцијата на доживотното учење е нешто кое треба да се вгради во менталниот склоп на луѓето, особено во динамичниот свет во кој се денес се живее. Реформите во ***образованието*** се неопходни и треба да бидат козистентни со барањата на економијата на знаење. Во оваа насока потребни се реформи во универзитетските курикулуми и менаџмент, поголема искористеност на науката и технологијата во наставата; унапредување на концептот на доживотно учење, реформи за подобрување на ефикасноста на трошоците за образование и подобрување на квалитетот на образованието, промоција на новата улога на

универзитетите во насока на комерцијализација на знаењето – употреба на истражувачките резултати за креирање на интелектуална сопственост и придонес за пазарните иновации, кои би придонеле директно за економскиот развој и општествената благосостојба, промоција на концептот на Образование за Економски Развој и сл.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Ginkel, H.V. More than a tradition and ambition: Internationalisation in Higher Education. Во: K. Miklavic, ур. *Paths to internationalisation.* Ljubljana: CMEPIUS, 2011.
[2] Rooney, D., Hearn, G. & Ninan, A. *Handbook on the Knowledge Economy.* Cheltenham, UK: Edward Elgar Publishing Limited, 2005.
[3] Schwab, K. *The Global Competitiveness Report 2016-2017.* Geneva: World Economic Forum, 2016.
[4] WB.*Lifelong Learning in the Global knowledge economy*. Washington D.C.: IBRD/The World Bank, 2003.
[5] WBI. *Building Knowledge Economies*, Washington, DC: IBRD/The World Bank, 2007.
[6] Wintrop et.al, *Investment in global education*, Brookings Institution, 2013.
[7] World Economic Outlook. *Building Institutions*, Washington D.C.: IMF, 2005.